С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 2 година XLIII

31 јануари 2007

10.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за измена и дополнување – проширување на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2008 година

Се објавува Одлуката за измена и дополнување – проширување на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2008 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.01.2008 година.

Број 08-553/2
31.01.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана 30.01.2008 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување - проширување на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2008 година

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување-проширување на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2008 година и тоа на следниот начин:

	Се зголемуваат приходите на следните потставки:	**Буџет**	**Самофин.**	**Донации**	**Дотации**	**Кредит**
741114	Пренесен вишок на приходи од претходната год.	3.500.000	**0**	**0**	**0**	**0**
		3.500.000	**0**	**0**	**0**	**0**

И се распоредуваат на следните потпрограми и расходни потставки:

N1 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ					
421110 Електрична енергија	12.695	0	0	0	0
421120 Водовод и канализација	8.856	0	0	0	0
421240 Течни горива	541.431	0	0	0	0
423110 Канцелариски материјали	10.000	0	0	0	0
423710 Средства за одржување на хигиена	10.000	0	0	0	0
424210 Одржување на згради	23.400	0	0	0	0
425760 Превозни услуги во образованието	1.946.868	0	0	0	0
N2 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ					
421110 Електрична енергија	104.243	0	0	0	0
421120 Водовод и канализација	37.106	0	0	0	0
421240 Течни горива	805.401	0	0	0	0
	3.500.000	**0**	**0**	**0**	**0**

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето и станува составен дел од Буџетот на општината за 2008 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-528/3
31.01.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

11.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за продажба на недвижна ствар

Се објавува Одлуката за продажба на недвижна ствар, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.01.2008 година.

Број 08-553/3
31.01.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 66 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.01.2008 година, донесе

О Д Л У К А
за продажба на недвижна ствар

Член 1

Со оваа Одлука се врши продажба на недвижна ствар - објект сопственост на Општина Велес, кој се наоѓа на ул. „Маршал Тито“ бр. 21 од КП 2115 и се состои од зграда 1 со површина од 181м2 и помошна просторија со површина од 26 м2 заведен во ИЛ 23410 за КО Велес.

Член 2

Продажбата на објектот од член 1 на оваа Одлука ќе се изврши по пат на јавно наддавање со почетна цена утврдена во износ од 16.500.000 денари.

Цената е утврдена согласно Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот.

Член 3

Постапката за продажба на објектот ќе биде спроведена од страна на Комисија од 5(пет) члена формирана од Советот на Општина Велес, а по предлог на Градоначалникот.

Правото на учество, критериумите, начинот на плаќање и другите услови за продажбата на објектот ќе бидат утврдени од страна на Комисијата и истите ќе бидат објавени во јавниот оглас.

Член 4

Доколку постапката за јавното наддавање со почетната цена во првиот обид е неуспешна, се задолжува Комисијата да ја повтори постапката, согласно законските одредби за водење на постапка со јавно наддавање.

Член 5

По спроведувањето на постапката за продажба на објектот, Комисијата ќе достави Извештај за својата работа до Советот на Општина Велес.

Член 6

По извршениот избор на најповолен купувач, Градоначалникот на Општина Велес ќе го склучи договорот, со кој ќе се утврдат меѓусебните права и обврски за продажбата на објектот.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Број 07-528/4
31.01.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

12.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Велес

Се објавува Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.01.2008 година.

Број 08-553/4
31.01.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 18 и 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 61/04, 96/04 и 67/07), член 4 од Законот за јавен долг („Сл.весник на РМ“ бр. 62/05), а согласно член 36, став1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.01.2008 година, донесе

ОДЛУКА
за долгорочно задолжување на Општина Велес

I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа Одлука се уредува долгорочно задолжување на Општина Велес, вид и цел на задолжувањето, максималниот износ , максималната каматна стапка, условите и роковите и начинот на отплата на задолжувањето.

Член 2

Долгорочното задолжување на Општината е од општ јавен интерес и има економска и финансиска оправданост.

II ЦЕЛ НА ЗАДОЛЖУВАЊЕТО

Член 3

Цел на задолжувањето е реализација на капитални проекти и тоа:

- Проект за подобрување на енергетска ефикасност на уличното осветлување што се состои во замена на постоечките со нови економични светилки.

- Проекти за подобрување на енергетска ефикасност на објекти од основното и средното образование кои подразбираат замена на постоечката столарија, изработка на термички фасади и поставување на сончеви колектори .

-Изградба на инфраструктура во индустриските зони во Општина Велес.

Проектите се произлезени од одржаните јавни расправи со граѓаните на Општина Велес, со буџетските корисници како и со невладините организации.

III НАЧИН НА ЗАДОЛЖУВАЊЕ

Член 4

Задолжувањето ќе биде долгорочно во земјата или во странство кај банкарска или друга финансиска институција, изразено во домашна валута, освен за задолжувањето во странство.

IV ИЗНОС НА ЗАДОЛЖУВАЊЕ

Член 5

Максималниот износ на задолжувањето, вклучувајќи ја главнината и износот на каматата, изнесува до 74.000.000 денари.

Вкупниот износ на непристигнатиот долгорочен долг на општината не може да го надмине износот на вкупните приходи на тековно-оперативниот буџет на општината во претходната година.

Член 6

Максималната каматната стапка ќе биде утврдена на рамништето на ЛИБОР во моментот на потпишувањето на договорот за долгорочно кредитирање согласно условите кои ќе бидат валидни во дадениот момент како и постигнатата каматна стапка во спроведената постапка за обезбедување на финансиски услови во согласност со Законот за јавни набавки.

V НАЧИН НА ОТПЛАТА

Член 7

Грејс периодот пред отпочнување на отплатата на кредитот да изнесува до 5 (пет) година од денот на задолжувањето.

Член 8

Отплатата на задолжувањето ќе се врши во текот на 17 години, на еднакви годишни/полугодишни ануитети.

Годишното отплаќање на долгот за долгорочно задолжување не може да надмине 15% од вкупните приходи на тековно-оперативниот Буџет на општината од претходната година во годината на задолжувањето.

VI СОГЛАСНОСТ И ИЗВЕСТИТЕЛНИ ОБВРСКИ

Член 9

За долгорочно задолжување на Општината потребна е претходна согласност од Владата на Република Македонија, врз претходно позитивно мислење од Министерството за финансии.

Член 10

По добивањето на писмената согласност од Владата на РМ, општината започнува постапка за задолжување во исти услови и рамки под кои е одобрено и барањето на општината за долгорочно задолжување.

Член 11

Општината е должна да потпише Договор за кредитирање и истиот да го достави во рок од 10 работни дена до Министерството за финансии.

Член 12

Општината се обврзува да го известува Министерството за финансии во рок од 10 работни дена по секоја исплата на ратата во врска со отплатата на долгот.

VII ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 13

Во случај да настанат значајни промени на финансискиот пазар од моментот на носењето на оваа Одлука до реализирањето на целосната постапка за долгорочното задолжување , условите предвидени во оваа Одлука може да бидат изменети и усогласени со измена и дополнување на истата.

Член 14

Советот на Општина Велес со донесувањето на оваа Одлука го одобрува долгорочното задолжување.

Член 15

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува по добивањето на писмената согласност од Владата на Република Македонија.

Број 07-528/5
31.01.2008 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

13.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на План за капитални инвестиции за периодот 2008-2012 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Планот за капитални инвестиции за периодот 2008-2012 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.01.2008 година.

Број 08-553/5
31.01.2008 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.01.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на План за капитални инвестиции за периодот 2008 - 2012 година

1.Советот на Општина Велес го усвои Планот за капитални инвестиции за периодот 2008 - 2012 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-528/6
31.01.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

.

ПЛАН ЗА КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ 2008 - 2012

ВОВЕД

Со цел да создаде услови за динамичен развој на Општина Велес и да го привлече вниманието и интересот за вложување во општината на домашните и странските инвеститори, Советот на Општина Велес донесува План за капитални инвестиции на Општина Велес.

Проектите содржани во Планот ги дефинираат најважните зафати што Општина Велес ќе ги преземе во областа на комуналната инфраструктура, културата, социјалната заштита, заштитата на животната средина, економскиот развој, спорт и рекреација, образованието, енергетската ефикасност и други проекти што се во функција на подобрување на условите за живот на граѓаните.

Планот за капитални инвестиции ја одразува потребата на граѓаните изразена преку секојдневната комуникација со нив и на јавните расправи организирани при креирањето на основните документи за работа на Општина Велес – програмите и буџетот на општината.

КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Проектите од областа на комуналната инфраструктура се во функција на подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните од Општина Велес – во градот и во поголемите населени места. Со нивна реализација ќе се подобри инфраструктурата и ќе се создадат услови за развој на стопанството со што индиректно позитивно ќе се влијае и на подобрувањето на стандардот на граѓаните.

Подобрувањето на комуналните услуги како една од најважните сервисни услуги што општината им ја дава на граѓаните, ќе се оствари преку реализирање на проектите кои опфаќаат изградба и асфалтирање на локални патишта, изградба на водоводни мрежи, фекална канализација и пречистителни станици во поголемите населени места во општината, изградба на атмосферска канализација, изградба на мост на реката Вардар, пешачки мост во рамките на Железен мост и надвозник од Младинскиот до Градскиот парк, катни и подземни паркиралишта, поставување на унифицирана урбана опрема итн.

КУЛТУРА

Богатото културно наследство што го има Велес не обврзува континуирано да работиме на негово сочувување и афирмација, на достојна презентација пред светот и на создавање услови за создавање нови културни вредности.

Исто така културата е одличен предуслов за развој на културен и транзитен туризам затоа што Велес претставува отворена историска читанка од која може да се научи целата македонска историја бидејќи токму тој и неговите дејци се носителите на македонската култура и писменост.

Во последните десетина години Општина Велес вложи многу во достојно афирмирање на знаменитите велешани подигајќи им споменици, во реставрација и заштита на објектите од стара архитектура, во обезбедувањето простор каде достојно ќе се презентираат културните вредности, но тоа не е доволно. Со реализирањето на капитални инвестиции од областа на културата во следните пет години се планира да се изградат споменици на Димитрија Чуповски и Јордан Хаџи Константинов Џинот, да се отвори етнолошки музеј и велешка градска соба и национален ресторан. Најголемиот проект предвидува селото Ораовец да прерасне во етно-еко село единствено од овој вид во Република Македонија.

СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Една од областите на кои Општина Велес посветува особено внимание е социјалната заштита. Долгорочното планирање на општината се движи во рамките на законските овластувања и предвидува отворање на Дневен центар на лица жртви на семејно насилство и проширување на Дневниот центар за лица со посебни потреби и церебрална парализа.

Бидејќи овој План за капитални инвестиции е отворен за дополнување и проширување, како ќе се зголемуваат надлежностите на општината во оваа област, така ќе се зголемува и бројот на проекти од областа на социјалната заштита.

Дел од проектите од социјална заштита се однесуваат во создавање на подобри услови за работа на ЈОУ Детска градинка „Димче Мирчев“.

ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Иако најголемиот загадувач на животната средина – Топилницата за цинк и олово подолго време не работи, последиците од тридецениското загадување со тешки метали сеуште се чуствуваат и ја наметнуваат потребата од реализирање на бројни проекти со кои загадената почва ќе се рехабилитира, но ќе се заштитат и воздухот и водите во Велес.

Проектите понудени во овој План опфаќаат ремедијација на жешки точки, изработка на план за управување и изградба на депонија за одложување на цврст отпад, прочистување на отпадните води, изградба на рекреативен центар „Бабуна“, пошумување на голини и опожарени терени итн.

5ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Основата за развој на општината, за намалување на бројот на невработени, за рамномерно проширување на сите производни и услужни дејности и туризмот е создавањето услови за економски развој. Од реализацијата на проектите од оваа област во голема мера зависи перспективата на општината, подобрувањето на стандардот на граѓаните и спречување на одливот на младите образовани кадри.

Атрактивноста на локациите и потребата на граѓаните од нивната изградба ја гарантира нивната одржливост и исплативост, што е предуслов за потенцијалните вложувачи.

Основна цел на реализирањето на проектите за создавање услови за економски развој е привлекувањето странски и домашни инвеститори. Овие проекти опфаќаат изградба на спортско-рекреативни, трговски, деловни и угостителски центри, изградба и проширување на постојните индустриски зони, а еден од најзначајните проекти во оваа област е изградба на гасоводна мрежа во Велес.

СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

Години наназад во создавањето услови за развој на спортот во Велес е многу малку сторено. Од овие причини постоечките спортски објекти се во многу лоша состојба, отворените спортски терени не ги задоволуваат потребите, а спортските сали во училиштата или се премалку да ги задоволат потребите или воопшто ги нема.

Од овие причини дел од капиталните инвестиции во овој План се од областа на спортот. Такви се пред се изградбата на четири спортски сали во средните и основните општински училишта: во Гимназијата „Кочо Рацин“ и основните училишта „Васил Главинов“, Рајко Жинзифов“ во Г. Оризари и „Стојан Бурчевски-Буридан“ во с. Иванковци, изградбата на отворени спортски терени во училиштата и во Градскиот парк, изградбата на тениски игралишта на повеќе локации итн.

ОБРАЗОВАНИЕ

Иако капиталните инвестиции во областа на образованието не се обврска на општината, сепак, заради потребата да се подобрат условите за работа во училиштата и да се намалат трошоците што се издвојуваат за нивно одржување, Општина Велес планира да реализира голем број проекти во оваа област.

Планираните капитални инвестиции во областа на образованието во најголем дел се однесуваат на реконструкција и санација на столарија, фасади, подови, покриви и санитарни јазли во училишните објекти.

ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Со проектите од областа на енергетската ефикасност се предвидува замена на уличното осветлување со економични светилки, замена на столаријата на училишните објекти, објектите на детската градинка и општинската зграда.

На одредени објекти предвидено е да се изведе нова фасада со термичка изолација, како и поставување на сончеви колектори.

Реализацијата на овие проекти ќе овозможи голема заштеда на средства предвидени за затоплување и осветлување кои повторно ќе се наменат за одржување и обновување на објектите сопственост на Општина Велес.

ДРУГИ ПРОЕКТИ

Во ова група проекти спаѓа доизградбата на објектот на капелата на гробиштата во Раштани со што ќе се добијат простории за администрација, кујна и ресторан за давање на угостителски дејности.

Вака концепираниот План за капитални инвестиции ќе и помогне на Општина Велес правилно да го насочува својот развој придржувајќи се секогаш на мотото „задоволни граѓани – наша цел“.

КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Име на проектот	Изградба на пат до локалитет - Бреза
Област	Комунална инфраструктура
Опис на проектот	Локалитетот се наоѓа на 1190 метри надморска височина на 22 км оддалеченост од градот. Со проектот се предвидува да се изведе реконструкција на постојниот пат во должина од 9 км, како основен предуслов за овозможување на максимално искористување на потенцијалите на локалитетот. Важно е да се напомене дека со реализирање на овој проект ќе се овозможи нормално функционирање на комуникациските врски на градот со селата с.Бузалково, с.Сливник и с.Р'левци.
Вкупна вредност на проектот	8.500.000 МКД
Извори на финансирање	-Буџет на Општина Велес -Буџет на РМ
Времетраење	2 години
Период на реализација	2008-2009

Име на проектот	Изградба на колектор за фекална канализација и попатна индустрија со пречистителна станица за Оризари и Превалец,
Област	Комунална инфраструктура
Опис на проектот	Непостоењето на фекална канализација е еколошки проблем. Селото Горно Оризари е во постојан пораст и можност за стопански развој на кој му пречи непостоењето на санитарно-технички услови. Конфигурацијата на теренот налага генерално решавање на проблемот како од нас.Превалец така и од попатната индустрија. Со проектот се предвидува колекторско поврзување и третман на отпадните води. Со решавање на овој проблем ќе се створат услови за современо урбано живеење и подем во развојот на малото стопанство, особено сточарство и земјоделие. Има изготвено инвестиционо техничка документација на ниво на основен проект.
Вкупна вредност на проектот	97.460.000 МКД
Извори на финансирање	- IPA фондови - Буџет на РМ - Буџет на Општина Велес
Времетраење	3 години
Период на реализација	2009 -2011

Име на проектот	Бетонирање на Дервенски поток
Област	Комунална инфраструктура

Опис на проектот	Регулацијата на Дервенски поток е завршена, но останува проблемот со уредување на коритото во просторот на Градскиот пазар под изведените дуќани. Проектот се состои во бетонирање на подлогата со што ќе се овозможи несметан проток на водата и лесно одржување. Со реализирање на проектот ќе се подобрат и задоволат потребите од санитарно-технички услови.
Вкупна вредност на проектот	3.000.000 МКД
Извори на финансирање	-Буџет на Општина Велес -Буџет на РМ
Времетраење	1 година
Период на реализација	2008

Име на проектот	Изградба на локален пат до Новите гробишта во Раштани
Област	Комунална инфраструктура

Опис на проектот	Изведба на локален патен правец во должина од 1200м. Со негова изведба ќе се подобрат комуникациските врски на градот со Новите гробишта во Раштани и до населеното место Раштани. Истовремено се овозможува избегнување на кривините и намалување на времетраењето за пристигнување на одредиштето.
Вкупна вредност на проектот	9.000.000 МКД
Извори на финансирање	-Буџет на Општина Велес
Времетраење	1 година
Период на реализација	2009

Име на проектот	Изградба на систем на водоснабдување во с.Црквино
Област	Комунална инфраструктура

Опис на проектот	Селото Црквино е оддалечено 10км од градот и е со тенденција на перманентен пораст. Проектот за изградба на водовод предвидува трајно решавање на водоснабдувањето. Предвидена е изведба на каптажа, доводен цевковод од каптажа до собирен резервоар, собирен резервоар со препумпна станица, потисен цевковод, резервоар со зафатнина од 100м^3, селска разводна мрежа и потребна електрика за функционирање на системот.

Вкупна вредност на проектот	7.300.000 МКД
Извори на финансирање	-Буџет на Општина Велес -Буџет на РМ - Учество на жителите
Времетраење	2 години
Период на реализација	2008 - 2010

Име на проектот	Реконструкција на систем за водоснабдување во с.Бузалково
Област	Комунална инфраструктура

Опис на проектот	Селото Бузалково е оддалечено 8км од градот и е со тенденција на перманентен пораст. Изведен е систем за водоснабдување меѓутоа истиот не е во функција. Предвидено е санирање на резервоарскиот простор и постоечката каптажа, оспособување на пратечките објекти по трасата и промена на оштетените цевки и нивна заштита.
Вкупна вредност на проектот	1.000.000 МКД
Извори на финансирање	-Буџет на Општина Велес -Буџет на РМ - Учество на жителите
Времетраење	1 година
Период на реализација	2008

Име на проектот	Изградба на системи за водоснабдување и канализација во с.Сливник
Област	Комунална инфраструктура

Опис на проектот	Селото Сливник е оддалечено 9 км од градот и е со тенденција на перманентен пораст. Во моментот има изведено бушотина со длабина од 35м. Следи изготвување на инвестиционо техничка документација и реализација.
Вкупна вредност на проектот	9.000.000 МКД
Извори на финансирање	-Буџет на Општина Велес - Учество на жителите -Буџет на РМ
Времетраење	3 години
Период на реализација	2008-2010

Име на проектот	Изградба на системи за водоснабдување и канализација во с.Клуковец
Област	Комунална инфраструктура

Опис на проектот	Селото Клуковец е оддалечено 12 км од градот и е со тенденција на перманентен пораст. Во моментот има изведено бушотина со длабина од 30м. Следи изготвување на инвестиционо техничка документација и реализација.
Вкупна вредност на проектот	9.000.000 МКД
Извори на финансирање	-Буџет на Општина Велес - Учество на жителите -Буџет на РМ
Времетраење	3 години
Период на реализација	2008-2010

Име на проектот	Изградба на катна гаража и подземни паркиралишта
Област	Комунална инфраструктура

Опис на проектот	Проблемот со паркирање во градот станува се поизразен. Проектот предвидува планирање и изградба на етажна гаража со капацитет од околу 100 возила доколку за неа постои комерцијален интерес. Проектот иницира изградба на подземни паркиралишта под зелени или плоштадни површини. Можни локации за гаражна куќа се: - Дел од училишниот двор на Гимназија „Кочо Рацин" - Паркинг просторот пред Основен суд Велес идр.
Вкупна вредност на проектот	34.000.000 МКД
Извори на финансирање	- Јавно приватно партнерство со повеќе модели • договор за управување • договор за закуп • концесии
Времетраење	4 години
Период на реализација	2008-2011

Име на проектот	Изградба на атмосферска канализација во Велес
Област	Комунална инфраструктура

Опис на проектот	Конфигурацијата на теренот на градот налага генерално решавање на проблемот со атмосферските води. Досега се правени парцијални решенија кој не се доволни за решавање на проблемот. Во најголем дел атмосферската канализација се води во фекалната канализација и неопходно е нејзино одвојување. Реализација на овој проект ќе влијае на хигиената на јавно прометните површини и ќе се избегнат непогодите при поројните дождови, ќе влијае на работата на пречистителната станица и димензионирањето на колекторот на пречистителната станица.
Вкупна вредност на проектот	360.000.000 МКД
Извори на финансирање	-Буџет на Општина Велес -Донации -Буџет на РМ
Времетраење	5 години
Период на реализација	2008-2012

Име на проектот	Изградба на комунална инфраструктура во населба Речани
Област	Комунална инфраструктура

Опис на проектот	Оваа населба е покриена со ДУП, карактеристично за неа е што земјиштето е во приватна сопственост со мал процент на изграденост и голем дел од неа функционира како земјоделско земјиште. Од овие причини делумно е изградена инфраструктурата. Во поново врема има подем во градбата и неопходно е да се комплетира со инфраструктура дел од населбата. Во планскиот период е планирано да се опремат 10 he.
Вкупна вредност на проектот	40.000.000 МКД
Извори на финансирање	-Буџет на Општина Велес - Учество на жителите
Времетраење	5 години
Период на реализација	2008-2012

Име на проектот	Изградба на мост за поврзување на градот со населба Речани
Област	Комунална инфраструктура

Опис на проектот	Оваа комуникација за поврзување на градот со населба Речани овозможува побрза комуникација на градот со населбата и индустријата со градот и автопатот.
Вкупна вредност на проектот	40.000.000 МКД
Извори на финансирање	-Буџет на Општина Велес -Буџет на РМ -Донации
Времетраење	5 години
Период на реализација	2008-2012

Име на проектот	Изградба на пешачка патека на Железен мост
Област	Комунална инфраструктура

Опис на проектот	Железниот мост ги поврзува двата брега на реката Вардар и претставува кратица која граѓаните секојдневно ја употребуваат. Овие движења се исклучително опасни и затоа е неопходна и можна монтажна конструкција на пешачката врска на Железен мост.
Вкупна вредност на проектот	2.000.000 МКД
Извори на финансирање	- Буџет на Општина Велес
Времетраење	1 година
Период на реализација	2008

Име на проектот	Поставување на унифицирана урбана опрема
Област	Комунална инфраструктура

Опис на проектот	Поставување на: унифицирани киосци низ градот, санитарни јазли, настрешници за автобуски постројки, клупи, корпи за отпадоци и др. Конфигурацијата на теренот на градот придонесува локациите на голем број културно историски споменици да бидат оддалечени од централното градско подрачје. Проектот предвидува изработка и поставување на патокази и табли за известување за сите значајни објекти од областа на културата, историјата, цркви, џамии, јавни институции, рекреативни центри и хотелско угостителски објекти

Вкупна вредност на проектот	2.000.000 МКД
Извори на финансирање	-Буџет на Општина Велес -Донации
Времетраење	2 години
Период на реализација	2008-2009

Име на проектот	Асфалтирање на локални патишта и улици
Област	Комунална инфраструктура

Опис на проектот	Потребно е континуирано да се се врши реконструкција на улиците во наредниот период. На некои улици ќе се изврши темелна реконструкција, а на дел ќе се врши крпење на постоечкиот асфалт.
Вкупна вредност на проектот	2.000.000 МКД
Извори на финансирање	-Буџет на Општина Велес -Донации
Времетраење	2 години
Период на реализација	2008 - 2010

Име на проектот	Изградба на надвозник помеѓу Младински парк и Градски парк
Област	Комунална инфраструктура

Опис на проектот	Со изградбата на Спортската сала прекратена е комуникацијата на градот со Градскиот парк, постојната комуникација е небезбедна и од тука произлегува потребата за изградба на пешачки надвозник на најкраткото растојание, а тоа е поврзување на Младинскиот парк кај амфитеатарот и просторот пред Градскиот стадион. Пешачкиот мост ќе придонесе за зголемување на урбанистичко архитектонската силуета на тој дел од градот.
Вкупна вредност на проектот	11.000.000 МКД
Извори на финансирање	-Буџет на Општина Велес -Донации
Времетраење	4 години
Период на реализација	2008 - 2011

Име на проектот	Изградба на трета коловозна лента на влезот во градот
Област	Комунална инфраструктура

Опис на проектот	За осовремување на влезот од градот од автопатот Скопје-Гевгелија како и за безбедно одвивање на сообраќајот потребно е да се изгради трета коловозна лента која ќе го поврзе автопатот со улицата „Димитар Влахов".
Вкупна вредност на проектот	15.000.000 МКД
Извори на финансирање	- Буџет на Општина Велес - Буџет на РМ
Времетраење	2 години
Период на реализација	2009 -2010

Име на проектот	Доизградба на инфраструктура на Езеро Младост
Област	Комунална инфраструктура

Опис на проектот	Инфраструктурно опремување на површините опфатени со ДУП за Езеро Младост, во чии рамки се предвидени простори за изградба на хотелски, спортско – рекреативни, угостителски и други содржини.
Вкупна вредност на проектот	20.000.000 МКД
Извори на финансирање	- Буџет на Општина Велес - Јавно приватно партнерство со повеќе модели • договор за управување • договор за закуп • концесии
Времетраење	2 години
Период на реализација	2008 - 2009

Име на проектот	Реконструкција - Младински парк
Област	Комунлана инфраструктура

Опис на проектот	Младинскиот парк се наоѓа во централното градско подрачје и треба да прерасне во центар за културни и духовни настани поради постоењето на два капитални објекти како што се Театарот „ЈХК Џинот", Црквата Св. Кирил и Методиј и амфитеатарот на отворено. Просторот претставува зелена оаза и неопходно е да се надополни со нови содржини како што се: • изградба на водени површини • изградба на споменик на Димитрија Чуповски • изградба на споменик на ЈХК Џинот • доизградба на амфитеатарот и негово покривање • реконструкција на патеките • поставување на нова урбана опрема • изградба на паркинг простор • комерцијален објект

Вкупна вредност на проектот	15.000.000 МКД
Извори на финансирање	- Буџет на Општина Велес - Јавно приватно партнерство со повеќе модели • договор за управување • договор за закуп • концесии - Донации
Времетраење	2 години
Период на реализација	2008 - 2009

Име на проектот	Доизградба на регионален колектор за фекална канализација со пречистителна станица за населените места: Мамутчево–Кумарино–Сујаклари-Отовица и Езеро Младост
Област	Комунална инфраструктура

Опис на проектот	Колекторот со пречистителната станица е изграден без делницата која ги опфаќа населените места Кумарино и Сујаклари. Останува да се доизгради колекторот до двете села за кои има изготвено инвестиционо техничка документација на ниво на основен проект.
Вкупна вредност на проектот	24.600.000 МКД
Извори на финансирање	- IPA фондови - Буџет на РМ - Буџет на Општина Велес
Времетраење	3 години
Период на реализација	2008-2011

Име на проектот	Полевање на уредени зелени површини со систем капка по капка
Област	Комунални дејности

Опис на проектот	Во општината постојат 220.000м^2 уредени зелени површини. Нивното одржување и полевање се врши со технолошка вода од единствениот бунар за технолошка вода во Градскиот парк со цистерни или преку хидрантска мрежа. При овие активности се прават големи трошоци и се намалува ефикасноста на одржување, особено во летниот период. Цел на овој проект е да вгради систем капка по капка во уредените зелени јавни површини во општината, при што ќе овозможи супституција на вода за пиење со технолошка вода, заштеди на вода, ефикасно и ефективно одржување на зелените површини.

Вкупна вредност на проектот	4.000.000 МКД
Извори на финансирање	- Буџет на РМ - Буџет на Општина Велес
Времетраење	5 години
Период на реализација	2008 - 2012

КУЛТУРА

Име на проектот	Богумилен дом
Област	Култура

Опис на проектот	Со донирањето на вредното културно богатство на семејството Петрушевски од Франкфурт кое се состои од народни носии, предмети за домаќинство, уметнички слики и скулптури и друг етно материјал, Општина Велес има обврска да се ангажира во негово пренесување од Франкфурт-Република Германија во Велес и изложување во посебен музеј што ќе го носи името „Богумилен дом" по желба на донаторот. Музејот ќе биде лоциран во Куќата на Касапови. За да може да се направи музејска поставка неопходно е просторот да се адаптира и соодветно да се обезбеди. Во соработка со стручни лица, а врз основа на расположивиот материјал ќе се направи план за изложување на експонатите и ќе се оформат тематски целини што ќе бидат изложени во посебни простории, ќе се набави и постави соодветна опрема и ќе се изработи промотивен материјал.
Вкупна вредност на проектот	1.200.000 МКД
Извори на финансирање	Буџет на Општина Велес Буџет на РМ
Времетраење	1 година
Период на реализација	2009

Име на проектот	Ораовец: Етно-еко село
Област	Култура
Опис на проектот	На само 18 км од Велес, во падините на Клепа, на околу 700м надморска височина, вертикално издигнато над реката Тополка, се наоѓа селото Ораовец.. Бујната природа е резултат на изобилието извори и водотеци кои го вкрстуваат селото. Најголемиот извор, сместен во центарот на населбата е атрактивно место за починка на кое се планира уредување на плоштатка и летниковец. Еколошката димензија на Ораовец во потполност ќе се заокружи со поставувањето на неколку видиковци со двогледи од каде ќе може да се набљудува бескрајниот хоризонт што го затвора 20 км. оддалечената планина Јакупица, за што со право е наречен „чардак на Македонија". Со цел да заштити едно урбано јадро од пропаѓање заедно со неговата историја и култура на живеење, а по примерот на Европа, Општина Велес има намера селото Ораовец да го претвори во етнолошко-еколошко село во кое ќе се презентира историјата, старата архитектура, начинот на живот во 19 век, традиционалните занаети, традиционалниот начин на производство на храна во една еколошки чиста незагадена средина. Историскиот аспект на селото Ораовец е многу значаен. Ова село е родното место на илинденскиот војвода Јован Наумов Алабакот, на гемиџијата Милан Арсов, на народниот херој Ангел Мојсов и многу други имиња што се нераскинлив дел од македонската историја. Со изградбата на етно-еко селото споменот за овие знаменити Македонци ќе се чува во спомен-собата во пансионот за туристи во кој ќе прерасне руинираната училишна зграда. Во дворот на црквата Св. Спас и на селските гробишта се наоѓаат и гробовите на споменатите јунаци. И ним им претстои достојно преуредување. Црквата пак изградена е во 1839 година од чорбаџиите на Ораовец и по периодот на изградбата соодветствува на двете монументални цркви во Велес. Селото е голема урбана целина од шеесетина куќи. Најголемиот дел од куќите се напуштени и во распаѓање. Иако станува збор за многу вредна стара македонска архитектура, во колку не се интервенира веднаш може да се случи и ова село, како многу други во Македонија да исчезне. Со овој проект Општината Велес покрај пансионот ќе реставрира една куќа и една од бројните воденици да ги реставрира и преадаптира во етно музеи. Во куќата ќе се изложи етно материјал, а воденицата ќе се стави во функција. Месното население ќе подготвува специјалитети кои ќе се служат во веќе спомнатиот пансион.

Вкупна вредност на проектот	20.000.000 МКД
Извори на финансирање	- Буџет на Општина Велес - Буџет на РМ - Учество на жители - Донации
Времетраење	5 години
Период на реализација	2008 - 2012

Име на проектот	Плоштад со етно-музеј и традиционално угостителство
Област	Култура

Опис на проектот	Објектот е лоциран во строгиот центар на Велес. Во постапка е неговото прогласување за споменик на културата заради својата карактеристика на стара градска архитектура, но и заради ентериерот кој ги задржал обележјата на градска велешка куќа од 19 век. Оваа локација нуди можност за уредување на плоштад околу овој објект, а центарот на градот ќе добие нов урбан лик со атрактивен комплекс. Во соработка со сопствениците на објектот една од просториите ќе се намени за етнолошки музеј – велешка соба, кој ќе биде отворен за посетителите. Покрај предметите со кои располага семејството Вангелови, меѓу кои и дел од наследството на еден од велешките Гемиџии, ќе бидат изложени и експонати од Локалната установа Народен музеј Велес. Во непосредна близина на објектот се наоѓа уште една куќа адаптирана во угостителски објект која ќе прерасне во национален ресторан. За да може проектот да се реализира во целост неопходно е и негово партерно уредување, обезбедување приод и паркинг простор. Ново формираната плоштадка ќе се оплемени со поставување на спомен-плоча на која ќе бидат испишани сите имиња што градот ги носел низ историјата: Вила Зора, Велес, Ќупрули, Велес, Титов Велес, Велес со точно означен временски период кога тоа име било употребувано. Велес е една од најстарите урбани населби во Република Македонија, темелот на цивијизацијата на Балканот врз кој поминувале и се вкрстувале различни култури. Секоја од нив оставала свои белези кои веднаш се препознаат по името што му го давале на градот. Така читајќи ги имињата на Велес препознаваме античка, словенска, отоманска, македонска култура и цивилизација.

Вкупна вредност на проектот	
Извори на финансирање	- Буџет на Општина Велес - Сопствено учество на сопствениците - Јавно приватно партнерство • договор под закуп • договор за управување • концесија
Времетраење	2 години
Период на реализација	2009 – 2010

Име на проектот	Библиотека „Светокрил Бабунин"
Област	култура

Опис на проектот	Вредното културно богатство што семејството Петрушевски од Франкфурт го донира на Општина Велес меѓу другото содржи и богата збирка на книги со преку 16.000 наслови од различни жанрови – научна и историска литература, белетристика и др. на сите светски јазици. Општина Велес има обврска да се ангажира во нивното пренесување од Франкфурт-Република Германија во Велес и изложување во посебена библиотека што ќе го носи името „Светокрил Бабунин" по желба на донаторот. Библиотеката ќе биде во состав на Локалната библиотека „Гоце Делчев". За да може да се стави во функција неопходно е просторот да се адаптира и соодветно да се обезбеди. Во соработка со стручни лица, а врз основа на расположивиот материјал ќе се направи план за изложување на експонатите и ќе се оформат тематски целини, ќе се набави и постави соодветна опрема и ќе се изработи евиденција на библиотечниот фонд.
Вкупна вредност на проектот	800.000 МКД
Извори на финансирање	- Буџет на Општина Велес - Донации
Времетраење	1 година
Период на реализација	2008

Име на проектот	Центар за култура и уметност
Област	Култура

Опис на проектот	Во рамкки на проектот предвидено е да се изработи инвестиционо - техничка документација за реконструкција на постојниот Центар за детско творештво. Со реконструкцијата ќе се овозможи повеќефункционална намена на просторот, преселба на градската библиотека со сите свои пратечки содржини. Постоечката сала ќе се осовремени и преуреди за повеќе намени, со што градот ќе добие единствен простор за реализација на активности од областа на културата и уметноста.
Вкупна вредноста на проектот	17.000.000 МКД
Извори на финансирање	-Буџет на Општина Велес -Донации
Времетраење	6 месеци
Период на реализација	2008

СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Име на проектот	ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ И ЦЕРЕБРАЛНА ПАРАЛИЗА (од сите возрасти)
Област	Социјална заштита

Опис на проектот	Во Општина Велес од 2002 година функционира Дневниот центар за деца со посебни потреби. Поради ограниченоста во поглед на соодветни материјали и соодветно опремен простор во кој би се одвивале активностите кои се предвидуваат за нивна работна окупација, се наметна потребата за просторно проширување и доопремување. Со цел да се создадат еднакви можности за сите граѓани, најдобро би било постоечкиот Дневен центар да се прошири со просторија која и физички е споена со него, а е празна и неискористена. Оваа просторија со која стопанисува Агенцијата за вработување, е идеална за реализирање на активностите предвидени со проектот. На овој начин покрај веќе постоечката група која ја чинат 17 лица, од кои 8 заболени од церебрална парализа, се отвора можност за вклучување на уште 8-10 нови лица заболени од церебрална парализа, од кои 5 до шест годишна возраст. Тука лицата би ја развивале креативноста и творечкиот дух преку креативно едукативни работилници и рехабилитациски услуги. Логопед ,психолог и дефектолози ќе се користат од постоечкиот Дневен центар за деца со посебни потреби, а потребно е да се примат две стручни лица-2 физиотерапевти,1 негувателка и 1 медицинска сестра.
Вкупна вредност на проектот	500.000 МКД
Извори на финансирање	Министерство за труд и социјална политика Општина Велес донација
Времетраење	1 година
Период на реализација	2009

Име на проектот	Шелтер центар
Област	Социјална заштита

Опис на проектот	Во Центарот за социјална работа во Велес се евидентирани 34 случаи на семејно насилство, а во 9 била потребна интервенција за згрижување на жртвите од семејното насилство. Згрижувањето на овие лица е реализирано со упатување во други градови каде има отворено центри за прифаќање на жртви од семејно насилство. Ова укажува на фактот дека на Велес му е потребно отворање на прифатилиште за времено сместување на лицата жртви од семејно насилство. Престојот на овие лица би бил ограничен со времето предвидено за разрешување на судската постапка против насилникот. Праксата покажа дека овие судски постапки се итни и се решаваат во краток временски период. Во голем број од случаите жртвите би се задржувале во прифатилиштето во период од 1 до 3 месеца. Во Прифатилиштето жртвите би добиле преноќиште и сретства за хигиена, а во оние случаи каде има мали деца или доенчиња, корисниците би добивале и облека. За оваа намена Општина Велес располага со сопствен простор во истиот објект каде е лоциран Дневниот центар за лекувани нарко зависници. Просторот ќе се уреди за задоволување на потребите на овие лица за преноќување, одржување на хигиена и приготвување на храна. Објектот ќе биде обезбедено од МВР-СВР Велес. Контактите на овие лица ќе се остваруваат преку надлежните служби и преку ангажираните лица, за задоволување на потребите на жртвите од семејното насилство.
Вкупна вредност на проектот	800.000 МКД
Извори на финансирање	- Буџет на Општина Велес - Јавно приватно партнерство • договор под закуп • договор за управување • концесија - Донации
Времетраење	1 година
Период на реализација	2009

Име на проектот	Уредување на дворни места во Градинка
Област	Социјална заштита

Опис на проектот	ОЈУ Детска градинка „Димче Мирчев" интензивно работи на подобрување на условите за работа во своите објекти што резултира со се поголем интерес за згрижување деца од предучилишна возраст. Бројот на децата во оваа учебна година го достигнува максималниот капацитет на објектите. Оваа состојба ја наметнува потребата да се уредат дворните места на објектите и да се оплеменат со нови содржини што позитивно ќе делуваат на психо-физичкиот развој на децата. Со овој проект се поредвидува уредување и опремување на дворните места на објектите: -„Тунел" - „Св. Кирил"
Вкупна вредност на проектот	500.000 МКД
Извори на финансирање	- Буџет на Општина Велес
Времетраење	2
Период на реализација	2008 - 2010

Име на проектот	ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ЛЕКУВАНИ НАРКО ЗАВИСНИЦИ
Област	Социјална заштита

Опис на проектот	Како еден од нагорливите проблеми од областа на социјалната патологија е проблемот на болестите на зависност, особено зависноста од наркотици и психотропни субстанци. Времето покажа дека овој проблем е се помалку здравствен, а се повеќе социјален. По медицинскиот третман овие лица повторно се враќаат во нивната социјална средина каде се соочуваат со истите проблеми кои придонеле тие да станат зависници и повторно стануваат рецидиви. Досега како најдобар начин за нивно успешно лекување се покажа третманот во Дневни центри, каде покрај медицинската, социјалната и психилошката, вклучена е и работната терапија. Покрај зголемениот број, уште една причина за потреба од ваков центар е тоа што зависниците од дрога кои пројавуваат желба да апстинираат, тоа не се во состојба да го направат затоа што во Велес не се дели метадонска терапија. Тие се принудени да патуваат во Скопје, заедно со придружник, што претставува голем трошок за семејствата. Така овие лица неприфатени продолжуваат да консумираат дрога.

	Со отварањето на Дневен центар за зависници, директно ќе се овозможи имплементација на соодветна форма на активност за решавање на овој проблем и ќе се овозможат финансиски олеснувања за семејствата. Индиректно со отворањето на центарот превентивно ќе се делува и на семејното и на другите видови насилство што често е присутно кај наркозависниците. Целта е да се изградат здрави личности вклопени во општествениот систем, способни да се грижат за семејството, правилно да ги насочуваат и воспитуваат своите деца, добри работници и лојални граѓани. Со Одлука на Советот на Општина Велес утврдена е локацијата на Дневниот центар за лекувани нарко зависници.
Вкупна вредност на проектот	1.000.000 МКД
Извори на финансирање	Глобален фонд при Министерството за здравство Општа болница - Велес Општина Велес донација
Времетраење	1 година
Период на реализација	2008

ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Име на проектот	Ремедијација на жешки точки во Општина Велес
Област	Заштита на животна средина
Опис на проектот	За Општина Велес изработена е физибилити студија за елиминација и ремедијација на жешките точки како резултат на загадувањето на животната средина во минатото. Активностите во проектот се насочени во деконтаминирање на јавните површини и земјоделското земјиште, како и санација на постоечката депонија за оловно-цинкова јаловина.
Вкупна вредност на проектот	8.308.650.000 МКД
Извори на финансирање	- ИПА фондови, - Донации
Времетраење	5 години
Период на реализација	2008 - 2012

Име на проектот	Имплементација на План за управување со цврст отпад во Општина Велес (2008-2012)
Област	Заштита на животна средина

Опис на проектот	Согласно Законот за управување со отпад, Општина Велес изработи План за управување отпад, со чија имплементација ќе и се овозможи на општината да отпочне со спроведување на постапни подобрувања на постојниот систем за управување со отпад. Акциониот план опфаќа активности за подобрување на системот за собирање и депонирање на комуналниот отпад, превенција од отпад, организирање на систем за селективно собирање и рециклирање, компостирање, санација на диви депонии, мониторинг, воведување на нови локални прописи и започнување на иницијативи за приклучување кон регионалниот систем за собирање, транспортирање и депонирање на отпад.
Вкупна вредност на проектот	31.980.000 МКД
Извори на финансирање	- Буџет на општина Велес - Буџет на РМ - Јавно приватно партнерство • договор под закуп • договор за управување • концесија - Донации
Времетраење	4 години
Период на реализација	2008-2011

Име на проектот	Изградба на регионална депонија за цврст отпад за Вардарски регион
Област	Заштита на животна средина

Опис на проектот	За да се имплементираат ЕУ стандардите и националните стратешки документи во управувањето со цврстиот отпад неопходно е воведување на мерки за интегрирано управување со комуналниот отпад во општините и соодветно регионално депонирање. Овој проект вклучува: - изработка на физибилити студија и проектна документација за ИПА, - развој на регионален план за управување со отпадот, - изградба на опрема и инфраструктура за собирање, селектирање, рециклирање, компостирање и одложување на цврстиот отпад во регионална санитарна депонија за Вардарскиот плански регион.

Вкупна вредност на проектот	461.250.000 МКД
Извори на финансирање	- ИПА фондови - Донации - Јавно приватно партнерство • договор под закуп • договор за управување • концесија
Времетраење	5 години (проектот има продолжено финансирање и во наредните 5 години)
Период на реализација	2008 - 2012

Име на проектот	Одведување и пречистување на отпадни води за град Велес
Област	Заштита на животна средина

Опис на проектот	Заради одведување на комуналните отпадни води од град Велес и нивно пречистување пред влевањето во река Вардар, овој проект ќе опфати: - ревизија на постоечката физибилити студија согласно барањата за ИПА - изработка на проектна документација - изградба на два урбани колектори на лева и десна страна од река Вардар - изградба на Главен колектор за одведување на урбаните отпадни води - изградба на пречистителна станица за отпадни води
Вкупна вредност на проектот	891.750.000 МКД
Извори на финансирање	- Буџет на Општина Велес - ИПА фондови - Донации
Времетраење	5 години
Период на реализација	2008 - 2012

Име на проектот	Изградба на рекреативен центар "Бабуна"
Област	Заштита на животна средина

Опис на проектот	Локалитетот Бабуна е прогласен за карактеристичен пејсаж. Денес локалитетот е узурпиран од бесправни градби, а претставува единствена природна средина со единствени карпести предели, ендемични видови растенија и животни и нуди бројни можности за вклопување на рекреативни содржини во природните убавнини на овој локалитет. Проектот предвидува изградба на рекреативен центар и ќе опфати: - ревалоризација на заштитата согласно

	Законот за заштита на природата, - изработка на стручна студија за прогласување на "Пешти" со пештерските цркви за споменик на природата - подготовка на урбанистичка документација - изградба на рекреативен центар: мали езерца, плажи, мовчиња, санитарни јазли и придружни објекти.
Вкупна вредност на проектот	12.000.000 МКД
Извори на финансирање	- Буџет на Општина Велес - Буџет на РМ - Јавно приватно партнерство • договор под закуп • договор за управување • концесија
Времетраење	4 години
Период на реализација	2009 - 2012

Име на проектот	Пошумување на деградирани, опожарени површини и голини во Општина Велес
Област	Заштита на животна средина
Опис на проектот	Општината има неопходна потреба од зголемување на зелени површини (урбано зеленило и пошумување) заради филтрирањето на загадениот воздух , амортизирање на загадувањето и спречувањето на ерозијата на теренот. Проектот опфаќа пошумување на деградирани простори, опожарени површини и голини во општината преку организирање на граѓански акции за пошумување. Проектот ќе даде акцент на ревитализација и озеленување на деградирани простори во рекреативен центар Езеро Младост, голините во околината на градот, како и зголемување на зеленилото во урбаната средина преку подигнување на нови зелени површини и обновување на постоечките.
Вкупна вредност на проектот	15.375.000 МКД
Извори на финансирање	- Буџет на Општина Велес - Буџет на РМ
Времетраење	5 години
Период на реализација	2008 - 2012

Име на проектот	Центар за одмор и рехабилитација - Бреза
Област	Заштита на животната средина

Опис на проектот	Локалитетот се наоѓа на 1190метри надморска височина на 22км оддалеченост од градот. Границата на опфатот е 5ха. Поволната местоположбата на објектот овозможува широк хоризонт и поволни климатски услови кои може да се искористат за одржување на одредени наставни содржини во природа, одмор, климатска рехабилитација и рекреација.
Вкупна вредноста на проектот	8.000.000 МКД
Извори на финансирање	- Буџет на Општина Велес - Јавно приватно партнерство со повеќе модели • договор за управување • договор за закуп • концесии
Времетраење	5 години
Период на реализација	2008-2012

Име на проектот	Регулација на речно корито на река Вардар
Област	Заштита на животна средина

Опис на проектот	Реката Вардар го дели градот на два дела , а мине и низ централно градско подрачје. Во првата фаза беше изведено регулирање на речното корито со минор корито за пропуст на долгогодишните константни води и пошироко речно корито кое е развиено со комбинирани зелени површини и шеталишта со пратечки содржини на должина од 145м. Во втора фаза предвидено е Регулација на река Вардар во должина од 1600м[1] од Железен мост до Стар мост од двете страни.
Вкупна вредноста на проектот	161.000.000 МКД
Извори на финансирање	- Буџет на Општина Велес - Буџет на РМ - Донации - Задолжување
Времетраење	5 години
Период на реализација	2008-2012

Име на проектот	Пречистителни станици на постоечки канализациони системи во населени места
Област	Заштита на животната средина

Опис на проектот	Непостоењето на пречисителни станици предизвикува загадување на животната средина. Со решавање на овој проблем ќе се створат услови за современо живеење во населени места: • Раштани • Црквино • Бузалково • Башино село • Иванковци и др.
Вкупна вредност на проектот	25.000.000 МКД
Извори на финансирање	- Буџет на Општина Велес - IPA фондови
Времетраење	5 години
Период на реализација	2008 - 2013

ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Име на проектот	Изградба на спортско – рекреативен и угостителски центар "Јаниташ"
Област	Економски развој

Опис на проектот	По течението на река Вардар во централното градско подраче постојат 3 речни острови без содржини и намена. Со ДУП за Централното градско подрачје на овие островчиња планирана е изградба на: - спортско-рекреативни содржини - угостителски содржини - споменични облежја - поврзување на речните острови со пешачки мовчиња. Со ова ќе се овозможи уредување на просторот, ќе се воведат содржини за рекреација на граѓаните, ќе се подобри комуникацијата со природните убавини на реката Вардар и ќе се атрактивизира просторот.
Вкупна вредност на проектот	20.000.000 МКД
Извори на финансирање	- Буџет на Општина Велес - Јавно приватно партнерство • договор под закуп • договор за управување • концесија
Времетраење	3 години
Период на реализација	2010 - 2012

Име на проектот	Спортско - рекреативен и деловен центар „Градски парк"
Област	Економски развој

Опис на проектот	Градскиот парк е единствената поголема зелена површина наменета за одмор, спорт и рекреација на граѓаните на Велес. Зафаќа површина од 6 ха. За овој дел се изготвува ДУП со намена: угостителство, спорт, рекреација, детски забавен парк и водени површини. На овој простор се наоѓаат наведените објекти со можност за доградба и воведување на нови намени на површините: • Спортска сала со комерцијални објекти • Стадион- комерцијални објекти под трибини • Игралишта (помошен терен за фудбал, ракометно, кошаркарско, тениски игралишта) • Игралишта за детска игра (забавен парк) • Инфраструктура (сообраќајници, атмосверска и фекална канализациона мрежа, водоводна мрежа, довод на елекртична енергија и паркирање) Овој проект предвидува изградба на една воденица во Градскиот парк со двојна намена – да го претставува начинот на работа на воденициte и да биде нивни своевиден споменик и во исто време да биде национален ресторан во кои ќе доминира подготвување на традиционални јадења и специјалитети од тесто.
Вкупна вредноста на проектот	350.000.000 МКД
Извори на финансирање	-Буџет на Општина Велес - Буџет на РМ -Јавно приватно партнерство со повеќе модели • договор за управување • договор за закуп • концесии
Времетраење	3 години
Период на реализација	2008-2010

Име на проектот	Трговско деловен центар "Градски саат"
Област	Економски развој

Опис на проектот	Градскиот саат е симболот на градот, а просторот околу него е третиран како старо градско јадро кое треба да ја зачува автентичноста на објектите кои постојат и на оние кои се веќе срушени. Овој простор со својата атрактивност и местоположба претставува предизвик за архитектите да го осмислат, а за инвеститорите предизвик да го изградат. На овиј простор може да се најдат места за повеќе функции како: ресторани, локали, деловен простор, услужни дејности, хотелско сместување, занаети, галерии и сл.
Вкупна вредноста на проектот	90.000.000 МКД
Извори на финансирање	- Буџет на Оштина Велес - Јавно приватно партнерство со повеќе модели • договор за управување • договор за закуп • концесии
Времетраење	3 години
Период на реализација	2008-2010

Име на проектот	Индустриска зона - Каласлари
Област	Економски развој

Опис на проектот	Изработка на инвестиционо-техничка документација вклучувајќи и изработка на Урбанистички план вон населено место со површина од 30 ha. Проектот предвидува да се изгради Индустриска зона за поголеми капацитети за мало стопанство и индустрија што не загадува. Зоната ќе ги содржи сите пратечки содржини соодветни со намената на зоната.
Вкупна вредноста на проектот	123.000.000 МКД
Извори на финансирање	- Буџет на Општина Велес - Задолжување - Јавно приватно партнерство со повеќе модели • договор за управување • договор за закуп • концесии
Времетраење	5 години
Период на реализација	2008-2012

Име на проектот	Проширување на индустриска зона: Речани 2 и УЗУС
Област	Економски развој

Опис на проектот	Реализацијата на овие Индустриски зони е веќе отпочната на површина од 10 ha и проектот предвидува нивно проширување со цел излегување во пресрет на идните инвеститорите.
Вкупна вредноста на проектот	40.000.000 МКД
Извори на финансирање	-Буџет на Општина Велес -Донации
Времетраење	4 години
Период на реализација	2008-2011

Име на проектот	Изградба на градска гасоводна мрежа
Област	Економски развој

Опис на проектот	Се работи за првата фаза од проектот Гасификација на градот Велес која предвидува изградба на магистрален гасовод Клечовце – Велес – Штип и изградба на градска гасоводна мрежа во градовите Велес и Штип. Со изградба на гасоводната мрежа ќе се осигура можноста од воведување на природен гас во сите сектори на потрошувачката за осигурување на енергетската безбедност.
Вкупна вредноста на проектот	840.000.000 МКД
Извори на финансирање	- Буџет на РМ - Јавно приватно партнерство со повеќе модели • договор за управување • договор за закуп • концесии
Времетраење	5 години
Период на реализација	2008 - 2012

Име на проектот	Изградба на трговски – деловен центар „Градски пазар“
Област	Економски развој

Опис на проектот	Изградбата на деловно – трговскиот центар е предвидена на локацијата каде денес се наоѓа Градскиот пазар. Со реализацијата на проектот ќе се добие современ: отворен и покриен паркинг простор, покриен пазар и придружни деловни објекти.
Вкупна вредност на проектот	415.000.000 МКД

Извори на финансирање	-Буџет на Општина Велес -Јавно приватно партнерство • договор за управување • договор за закуп • концесии
Времетраење	3 години
Период на реализација	2009 - 2011

СПОРТ И РЕКЕРАЦИЈА

Име на проектот	Изградба на спортско рекреативен центар на Езеро Младост
Област	Спорт и рекреација

Опис на проектот	Во склоп на УП вон населено место за Сателитска населба езеро Младост предвидено изградба на спортски терени на површина од 12.663м^2. Изградбата на овој комплекс заедно со другите содржини ќе претставува една функционална целина. Предвидено е да се изведат: • игралишта за мал фудбал со атлетска патека • тениски игралишта • кошаркарско игралиште • пратечки содржини (санитарии и гардероби)
Вкупна вредноста на проектот	4.500.000 МКД
Извори на финансирање	- Јавно приватно партнерство со повеќе модели • договор за управување • договор за закуп • концесии
Времетраење	3 години
Период на реализација	2008 - 2010

Име на проектот	Изградба на отворени спортски терени
Област	Спорт и рекреација

Опис на проектот	Проектот подразбира изградба на отворени спортски терени во рамките на училишните објекти во населените места: Башино Село, Иванковци Караслари и Превалец. Согласно новата наставна програма бројот на часови по физичка култура се зголемува, а со тоа и потребата од изградба на отворени спортски терени. Иако основната намена на овие објекти е користењето од страна на учениците, нив ќе ги користи и месното население за рекреација и спортски манифестации од локален карактер.

	Приоритет во изградбата на отворени спортски терени им се дава на овие населени места заради бројноста на населението. Реализацијата на овој проект е во согласност со акцијата на Владата на Република Македонија за подобрување на условите за развој на спортот.
Вкупна вредност на проектот	184.000.000 МКД
Извори на финансирање	- Буџет на Општина Велес - Буџет на РМ - Јавно приватно партнерство • договор под закуп • договор за управување • концесија
Времетраење	4 години
Период на реализација	2008 – 2011

Име на проектот	Изградба на спортски сали во средни и основни училишта во Општина Велес
Област	Спорт и рекреација

Опис на проектот	Проектот подразбира изградба на нови спортски сали во Гимназијата „Кочо Рацин" и во општинските основни училишта „Васил Главинов", „Рајко Жинзифов" с. Горно Оризари и „Стојан Бурчевски – Буридан" с. Иванковци. Согласно новата наставна програма бројот на часови по физичка култура се зголемува, а спортските сали во овие училишни објекти или не ги задоволуваат потребите или воопшто ги нема. Гимназијата „Кочо Рацин" спортската сала ја користи заедно со ССОУ „Димитрија Чуповски". ООУ „Васил Главинов" е најбројно училиште во општината. Спортската сала не ги задоволува потребите на учениците и неопходно е да се изгради уште еден објект. Во селото Горно Оризари во фаза на изградба е нова училишна зграда која треба да отпочне со работа во учебната 2008/09 година, но во состав на објектот не е предвидена изградба на спортска сала. Во ООУ „Стојан Бурчевски-Буридан" не постои спортска сала и наставата по физичка култура се одвива во несоодветни услови. Реализацијата на овој проект е во согласност со акцијата на Владата на Република Македонија за изградба на нови спортски сали во Република Македонија, што значи за изградба на овие објекти може да се искористи стандардизираниот проект за изградба на спортски сали што го користи Владата на РМ.

Вкупна вредност на проектот	184.000.000 МКД
Извори на финансирање	- Буџет на Општина Велес - Влада на РМ - Јавно приватно партнерство • договор под закуп • договор за управување • концесија
Времетраење	4 години
Период на реализација	2008 - 2010

Име на проектот	Изградба на тениски игралишта
Област	Спорт и рекреација

Опис на проектот	За развој на спортскиот живот во Велес се предвидува изградба на тениски игралишта на повеќе локации: -Градски парк -Спортски комплекс „Железен мост" -Езеро „Младост" -ООУ „Васил Главинов" Тениските игралишта опфаќаат и придружни содржини – кафетерии, ресторани и сл. Заради атрактивноста и подемот на овој спорт се очекува интересот за изградба на овој вид спортски терени да биде голем.
Вкупна вредност на проектот	8.000.000 МКД
Извори на финансирање	Јавно приватно партнерство • договор под закуп • договор за управување • концесија
Времетраење	2 години
Период на реализација	2009 - 2010

ОБРАЗОВАНИЕ

Име на проектот	Реконструкции на училишни згради во градот и населените места
Област	Образование

Опис на проектот	Со децентрализацијата објектите на училштата и детските градинки се во сопственост на Општината и одтука произлегува дека е потребно да се извршат реконструкции и санации за да овозможи нормално функционирање на наставата. Реконструкциите и санациите се однесуваат на сменување на столарија, изработка на фасади, реконструкција на покриви, замена на подните облоги и темелна реконструкција на санитариите. Рокот од 5 години е премал за да се изведат сите предвидени зафати затоа ќе се одредат приоритети.
Вкупна вредноста на проектот	40.000.000 МКД
Извори на финансирање	- Буџет на Општина Велес - Јавно приватно партнерство со повеќе модели • договор за управување • договор за закуп • концесии - Донации
Времетраење	5 години
Период на реализација	2008-2012

ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Име на проектот	Имплементација на мерки за заштеда на енергија
Област	Енергетска ефикасност

Опис на проектот	Предвидено е да се изведе во сите објекти во сопственост на Општина Велес вклучувајќи ги училиштата, детските градинки и да се направи реконструкција на постоечката столарија, градежни интервенции за подобрување на изолацијата и поставување на сончеви колектори за заштеда на енергија. Предвидено е да се изврши замена на уличните светилки со економични светилки.
Вкупна вредноста на проектот	-120.000.000 МКД
Извори на финансирање	-Буџет на Општина Велес -Задолжување
Времетраење	5 години
Период на реализација	2008-2012

ДРУГИ ПРОЕКТИ

Име на проектот	Доградба на придружни објекти во капела - Раштани
Област	Други проекти

Опис на проектот	Капелата во локалитетот Раштани е делумно изградена и потребна е доградба која е дел од проектот за да објектот функционира како што е замислен. Се работи за доградба на простории за администрација, кујна и ресторан за давање на угостителски дејности.
Вкупна вредноста на проектот	13.500.000 МКД
Извори на финансирање	- Јавно приватно партнерство со повеќе модели • договор за управување • договор за закуп • концесии
Времетраење	3 години
Период на реализација	2008 -2011

14.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2008 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.01.2008 година.

Број 08-553/6
31.01.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.01.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2008 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-528/7
31.01.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/22), член 7, точка 3 од Законот за култура -пречистен текст („Сл. весник на РМ“ бр.66/03) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.01.2008 година ја донесе следната

ПРОГРАМА
за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2008 година

Член 1

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2008 година во табеларниот дел „ III ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА “ се вршат следните измени и дополнувања:

III ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА

- После позиција под ред. бр. 6 се додава нова позиција 7 „ други приходи – основно образование“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ се внесува износот „2.553.250“ и во колоната „вкупно“ се внесува истиот износ.

- После позиција под ред. бр. 7 се додава нова позиција 8 „ други приходи – средно образование“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ се внесува износот „946.750“ и во колоната „вкупно“ се внесува истиот износ.

Во позицијата „Вкупно“ глава „III ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА“ се внесува износ „3.500.000“, а во колоната „Вкупно“ износот „288.285.480“ се заменува со „291.785.4803.“.

Во позицијата „СЕ ВКУПНО“ во „„Предвидени средства – Општина Велес“ износот „6.560.000 “ се заменува со „10.060.000 “, а во колоната „Вкупно“ износот „294.845.480“ се заменува со „298.345.480“.

Член 2

Оваа Програма влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07- 528/7
31.01.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

15.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за не давање согласност на Одлуката за висината на цената за собирање и транспортирање на комунален отпад

Се објавува Решението за не давање согласност на Одлуката за висината на цената за собирање и транспортирање на комунален отпад, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.01.2008 година.

Број 08-553/1
31.01.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз онова на член11, став 1, точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр. 38/96, 6/02, 4/03 и 49/06), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Сл. весник на РМ" бр.5/02) и член 45,став 1 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.01.2008 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за не давање согласност на Одлуката за висината на цената за собирање и транспортирање на комунален отпад

1. Со ова Решение не се дава согласност на Одлуката за висината на цената за собирање и транспортирање на комунален отпад број 02-58, донесена од Управниот одбор на ЈКП "Дервен"- Велес на седницата одржана на 21.01.2008 година.

2.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-528/2
31.01.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

16.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за именување претседател,членови и нивни заменици на Комисија за спроведување на постапка за продажба на недвижна ствар

Се објавува Решението за именување претседател, членови и нивни заменици на Комисија за спроведување на постапка за продажба на недвижна ствар, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.01.2008 година.

Број 08-553/8
31.01.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ” бр. 5/02) ,член 44, став 1 од Статутот на Општина Велес(„Сл.гласник на Општина Велес” бр.12/07),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.01.2008 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување претседател, членови и нивни заменици на Комисија за спроведување на постапка за продажба на недвижна ствар

1. За претседател на Комисијата за спроведување на постапка за продажба на недвижна ствар - објект сопственост на Општина Велес се именува:

- Пенчо Јаневски вработен во Општина Велес

За заменик на претседателот се именува:

- Елизабета Јовчевска вработена во Општина Велес

2. За членови на Комисијата за спроведување на постапка за продажба на недвижна ствар - објект сопственост на Општина Велес се именуваат:

- Фехим Јусовиќ
- Аџо Петров
- Весна Џајкова
-Валентина Делиманчева Андреева членови на Советот на Општина Велес

За нивни заменици се именуваат:
- Стојна Трајковска
- Марина Мијајлевска
- Ефтимија Карбева Лукарова
- Атанас Василев членови на Советот на Општина Велес

3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Велес"

Број 07-528/9
31.01.2008 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

17.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за разрешување и именување на претставник од Општина Велес во Училишен одбор на ОССУ „Коле Неделковски" Велес

Се објавува Решението за разрешување и именување на претставник од Општина Велес во Училишниот одбор на ОССУ „Коле Неделковски" Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.01.2008 година

Број 08-553/9
31.01.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 39, став 2 и 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование („Сл.весник на РМ" бр.67/04) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.01.2008 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување на претставник од Општина Велес член во Училишниот одбор на Општинското средно училиште „Коле Неделковски" Велес

1. Од член во Училишниот одбор - претставник од Општина Велес во Училишниот одбор на Општинското средно стручно училиште „Коле Неделковски" Велес се разрешува:
- Никола Нацев

· 2.За член во Училишниот одбор - претставник од Општина Велес во Училишниот одбор на Општинското средно стручно училиште „Коле Неделковски" Велес се именува:
- Бесим Ахмедов

3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-528/10
31.01.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

18.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за разрешување на внатрешен ревизор на Општина Велес

Се објавува Решението за разрешување на внатрешен ревизор на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.01.2008 година.

Број 08-553/10
31.01.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 17 од Законот за именување и дополнување на Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор („Сл.весник на РМ“ бр.22/07) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.глсник на Општина Велес“ бр.12/06),
Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.01.2008 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување на внатрешниот ревизор на Општина Велес

1.Со ова решение Слободан Атанасовски, дипл.економист од Велес, се разрешува од функцијата внатрешен ревизор на Општина Велес, назначен со Решение од Советот на Општина Велес, бр. 0701-262/13 од 25.01.2006 год.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01.02.2008 година.

Број 07-528/11
31.01.2008 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

19.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за прифаќање на Иницијатива за измена и дополнување на Генералниот урбанистички план за град Велес за дел од УЕ 1 – УБ 1А и УБ 1Б

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Иницијативата за измена и дополнување на Генералниот урбанистички план за град Велес за дел од УЕ 1 – УБ 1А и УБ 1Б, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.01.2008 година.

Број 08-553/7
31.01.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.01.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање Иницијатива за измена и дополнуање на Генералниот урбганистички план за град Велес за дел од УЕ 1 – УБ 1А и УБ 1Б

1. Советот на Општина Велес ја прифати Иницијативата за измена и дополнување на Генералниот урбанистички план за град Велес за дел од УЕ 1 – УБ 1А и УБ 1Б.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-528/8
31.01.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

Бр на акт **Страница**

10	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за измена и дополнување – проширување на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2008 година** **О Д Л У К А за измена и дополнување - проширување на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2008 година**	10
11	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за продажба на недвижна ствар** **О Д Л У К А за продажба на недвижна ствар**	
12	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Велес** **ОДЛУКА за долгорочно задолжување на Општина Велес**	12
13	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на План за капитални инвестиции за периодот 2008-2012 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на План за капитални инвестиции за периодот 2008 - 2012 година**	13
14	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2008 година** **З А К Л У Ч О К за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2008 година** **ПРОГРАМА за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2008 година**	47
15	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за не давање согласност на Одлуката за висината на цената за собирање и транспортирање на комунален отпад** **Р Е Ш Е Н И Е за не давање согласност на Одлуката за висината на цената за собирање и транспортирање на комунален отпад**	48
16	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за именување претседател,членови и нивни заменици на Комисија за спроведување на постапка за продажба на недвижна ствар** **Р Е Ш Е Н И Е за именување претседател, членови и нивни заменици на Комисија за спроведување на постапка за продажба на недвижна ствар**	48

Бр на акт **Страница**

17	**ЗЗ А К Л У Ч О К за објавување на Решението за разрешување и именување на претставник од Општина Велес во Училишен одбор на ОССУ „Коле Неделковски“ Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на претставник од Општина Велес член во Училишниот одбор на Општинското средно училиште „Коле Неделковски“ Велес**	**49**
18	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решението за разрешување на внатрешен ревизор на Општина Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на внатрешниот ревизор на Општина Велес**	**49**
19	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за прифаќање на Иницијатива за измена и дополнување на Генералниот урбанистички план за град Велес за дел од УЕ 1 – УБ 1А и УБ 1Б** **З А К Л У Ч О К за прифаќање Иницијатива за измена и дополнување на Генералниот урбганистички план за град Велес за дел од УЕ 1 – УБ 1А и УБ 1Б**	**50**

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00